# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***Октомври 2020 година***
***ЕУЦ-број 55/2020***

## ПАКЕТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ 2020 ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА




Европската комисија на 6 октомври годинава ја усвои годинешната процена за спроведувањето на реформите во земјите од Западен Балкан и Турција. Комесарот за соседство и проширување на ЕУ, Оливер Вархеи пред Комитетот за надворешна политика на ЕП, го презентираше Пакетот за проширување 2020 и Економскиот инвестициски план за Западен Балкан, прв пакет за проширувањето по усвојувањето на новата Методологија за зајакнати преговори на ЕУ во март годинава, за која Република Франција има особен политички интерес.

Зелениот договор за земјите од Западен Балкан, кој го придружува пакетот за проширување се фокусира на градењето на отпорни и одржливи економии, паралелно со заштитата на животната средина и човековото здравје.

Процесот на пристапување кон ЕУ продолжува да се базира на утврдените критериуми, фер и строги услови и принципот на сопствени заслуги. За придвижување на процесот, земјите кандидати треба да испорачаат конкретни и одржливи резултати во клучните области: владеење на правото, судските реформи, борба против корупцијата и организираниот криминал, фундаменталните права, безбедноста, функционирање на демократските институции, реформата на јавната администрација, економскиот развој и конкурентноста.

Во Комуникацијата на ЕК „Подобрување на процесот на пристапување - веродостојна перспектива на ЕУ за Западен Балкан“, одобрена од земјите-членки во март годинава Комисијата наведе дека политичките лидери од регионот мора да покажат натамошни напори за зајакнување на регионалната соработка и добрососедските односи. Сите страни мора да се воздржат од злоупотреба на отворени прашања во процесот на пристапување во ЕУ.

Веродостојниот напредок во областа на владеењето на правото останува значаен предизвик. Бавното темпо во судската култура продолжува низ целиот регион на Западен Балкан без доволно посветеност на принципот на судска независност. Во областа на слободата на изразување и медиумскиот плурализам забележан е најмал напредок минатата година.

Комисијата во своето ажурирање за Северна Македонија, во март 2020г. потврди дека основите на препораката на Комисијата од 2019г. за отворање пристапни преговори, **остануваат валидни**. На 26 март 2020г. членовите на Европскиот совет ја **одобрија одлуката за отворање пристапни преговори** со Северна Македонија. Во согласност со заклучоците на Советот, Комисијата ја започна потребната подготвителна работа и ја **очекува првата меѓувладина конференција**, што е можно поскоро, по усвојувањето на преговарачката рамка од страна на Советот.

Предлог текстот на Преговарачката рамка Европската комисија во јули годинава го достави до Советот, до земјите членки на натамошно усогласување и конечно усвојување. Советот на ЕУ треба да ги разгледа препораките на Европската комисија и да одлучи за идните чекори.

https://ec.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Пакет за проширување 2020 за земјите од Западен Балкан и Турција | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Видеоконфеленција на Европскиот Совет | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Економски и инвестициски план за Западен Балкан | 6 |
| Состанок на министрите за внатрешни работи на ЕУ | 6 |
| Дигитален самит за Западен Балкан | 7 |
| Парламентарни избори во Литванија | 7 |
| Нови климатски инвестиции во Данска | 8 |
| Продолжена здравствената вонредна состојба во Франција | 8 |
| Прва емисија на социјални обврзници на Европската Комисија | 9 |
| Гренобл - европска зелена престолнина за 2022 година | 9 |
| Итна акција за помош на здравството во Европската Унија | 10 |
| Стратегија за масовна енергетска реконструкција на згради | 10 |
| Сектор на спортски и фитнес работници во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / ноември 2020 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



www.europarl.europa.eu



***Пленарна сесија 05-08 октомври 2020***

Европратениците го одобрија Договорот за заеднички правила за зајакнување на платформите на ЕУ за финансирање и заштита на инвеститорите, што беше склучен со Советот во декември 2019г.

Повеќето европратеници изразија критика кон усвоената позицијата на Советот за „Механизмот за условување на владеење на правото“ истакнувајќи дека предлозите на Советот не се доволни за да се создаде практичен инструмент што ќе ги поврзе средствата на ЕУ со почитувањето на владеењето на правото.

Со резолуција усвоена со 521 гласови европратениците дадоа поддршка на предлогот за механизам на ЕУ за заштита и зајакнување на демократијата, владеењето на правото и основните права. Европратениците предложија алатка базирана на докази што ќе се применува еднакво, објективно и правично за сите земји-членки, почитувајќи ги принципите на супсидијарност и пропорционалност.

Сè уште нема напредок во преговорите за Повеќегодишната финансиска рамка и сопствените ресурси, помеѓу преговарачкиот тим на ЕП и Советот.

Во дебатата со претседателот на Советот, Шарл Мишел за последниот и претстојниот европски самит, европратениците повикаа на донесување на јасни одлуки. Потпретседателот на Европската комисија Марош Шефовиќ, истакна дека Комисијата наскоро ќе достави предлог за минимална плата и ќе стори сè за постигнување брз договор меѓу Парламентот и Советот, во однос на Планот за закрепнување и за буџет на ЕУ.

Европскиот парламент го одобри назначувањето на Мерид Мекгинис од Ирска за нов еврокомесар за финансиски услуги и Валдис Домбровскис за комесар за трговија. Промената во составот на Европската комисија се случи по поднесување на оставката на ирскиот комесар Фил Хоган.

Сите членки на ЕУ мора да бидат неутрални во однос на климата до 2050 истакнаа европратениците во дебатата за европскиот закон за клима повикувајќи на амбициозни цели за намалување на емисиите во 2030 и 2040. Намерата на европратениците е да се формира Совет за климатски промени на ЕУ како независно научно тело за процена на политичката конзистентност и следење на напредокот.

Со цел заштита на здравјето на европските потрошувачи и особено децата,европратениците со усвојување на два приговори се спротивставија на предлозите на Европската комисија за прехранбените производи кои содржат титаниум диоксид и акриламид.

Европската стратегија за шуми по 2020 која треба да се објави на почетокот на 2021г. треба да биде независна и усогласена со европскиот Зелен договор и да обезбеди шумите да ја продолжат мултифункционалната улога, истакнаа европратениците со усвојување на резолуција донесена со 462 гласа.

Европратениците одобрија два предлози за Евротунел - железнички канал кој ги поврзува континентална Европа и Велика Британија. Целта беше да се задржат истите правила кои го регулираат железничкиот тунел откако Велика Британија ќе добие статус на трета земја.

Во резолуцијата усвоена со 574 гласа европратениците побараа поголеми средства за зајакнување на Гарантната шема за млади за 2021-2027.

Во резолуцијата усвоена со 358 гласа, европратениците изразија „недвосмислена поддршка за народот на Бугарија во нивните легитимни барања и аспирации за правда, транспарентност, отчетност и демократија“, по значителното влошување на демократијата, владеењето на правото и основните права во Бугарија.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 19-23 октомври 2020***

Европскиот парламент воведе мерки со кои европратениците ќе можат да се обраќаат на пленарна селекција преку канцелариите за врски на парламентот во земјите-членки и од просториите на ЕП во Стразбур и Брисел.

Со 645 гласа европратениците одобрија помош од 2.054.400 евра за поранешните бродоградилишта од Галиција во Шпанија, за реинтегрирање на пазарот на трудот.

Во новото истражување за Европскиот парламент спроведено на почетокот на октомври 2020, скоро 8 од 10 учесници (77%) низ ЕУ го поддржуваат концептот ЕУ да обезбедува средства на земјите-членки само доколку националната влада спроведува владеење на правото и демократските принципи. Најмалку 7-10 учесници се согласуваат со оваа изјава во 26 земји-членки на ЕУ. Мнозинството граѓани на ЕУ поддржуваат поголем буџет на ЕУ за надминување на пандемијата со Covid-19.

Во дебатата со потпретседателот на Комисијата, Марош Шефовиќ, европратениците дебатираа за приоритетите од Програмата за работа на ЕК за 2021г.

Европратениците усвоија препораки за регулирање на вештачката интелигенција (AI), кои се однесуваат на содржината на правилата, во однос на етиката, одговорноста и правата на интелектуалната сопственост.

Европскиот парламент повика на итни правила за дигитални услуги, вклучително и платформи на интернет и обврзувачки механизам за справување со нелегална содржина преку интернет.

На пленарната сесија со 602 гласа европратениците усвоија сет на препораки за процена на односите на ЕУ со Белорусија, истакнувајќи дека преговорите за приоритетите на партнерството ЕУ-Белорусија, мора да се прекинат до организирање на нови, слободни и фер претседателски избори.

Наградата Сахаров за слобода на мислата за 2020, ЕП ја додели на Светлана Тихановскаја, Марија Колесникова и Вероника Цапкала од белоруската опозиција.

Европратениците ја повикаа ЕУ да ја признае клучната улога на жените во надворешната политика и меѓународната безбедност и соодветно да ја приспособи својата политика.

Мнозинство од европратеници повикаа да се стави крај на шемите на „златни пасоши“ кои се во сила во некои земји-членки на ЕУ.

Европскиот парламент ја усвои својата позиција за реформа на земјоделската политика во ЕУ по 2022 година. Преговарачкиот тим на ЕП сега е подготвен да ги започне преговорите со министрите на ЕУ.

www.europarl.europa.eu

## ВИДЕОКОНФЕРЕНЦИЈА НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ

Шефовите на држави и на влади на ЕУ се состанаа преку видеоконференција на 29 октомври 2020 г. Каде дебатираа за потребата од зајакнување на заедничките напори во справувањето со Ковид-19. Советот ќе работи врз основа на Препораката на Комисијата за стратегиите за тестирање презентирана на 28 октомври годинава.

Претседателот Советот Шарл Мишел истакна дека кохезијата и солидарноста се од исклучително значење во овој период и повика „сите Европејци да се грижат за себе и за другите“.

На состанокот лидерите на ЕУ се согласија дека тестирањето и следењето се клучни за ограничување на ширењето на вирусот и ќе придонесат за подобра контрола на состојбата. Советот дискутираше за иницијативата за интероперабилност на апликациите презентирана од Европската комисија.

Во однос на вакцината, шефовите на држави и на влади истакнаа четири главни области за развој на соработката:

• правична дистрибуција до земјите-членки,
• критериуми за утврдување приоритетни групи,
• логистички предизвици и тесни грла, и
• комуникација со вакцините.




На почетокот на видеоконференцијата, лидерите на ЕУ во заедничко соопштение ги осудија терористичките напади во Франција, кои претставуваат напад врз заедничките вредности.

Лидерите на ЕУ потсетија на нивната стратешка дебата за Источен Медитеран и односите со Турција претходно во октомври годинава и ги осудија неодамнешните еднострани активности, провокациите и реториката на Турција.

https://www.consilium.europa.eu

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието, Талат Џафери на 7 октомври 2020 година оствари средба со Комесарот за соседство и проширување на ЕУ, Оливер Вархеи во рамки на неговата работна посета на земјата. На средбата Џафери изрази благодарност за континуираната поддршка на Европската Унија и надеж за одржување на првата меѓувладина конференција во рамки на германското претседателство со Советот на ЕУ. Претседателот Џафери изрази задоволство од повторната средба со Вархеи и благодарност за позитивниот сигнал од Брисел за напредокот на нашата земја во евроинтегративниот процес.
Комесарот Вархеи се обрати пред пратениците на пленарната седница на Собранието држана на 07 октомври годинава.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието на 5 октомври 2020 година оствари виртуелна средба со делегација од поранешни европратеници предводени од  д-р Ханс Герт Потеринг, поранешен претседател на ЕП. Претседателот Џафери искажа благодарност за досегашната поддршка на европските институции на нашата земја за полноправно членство во ЕУ. Ја поздрави соработката со Европскиот парламент, иницијативата на претседателот на ЕП, Давид Сасоли за поинтензивна комуникација со претседателите на Парламентите од земјите на Западен Балкан и дијалогот Жан Моне.
Средба остварија и членовите на Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика на Собранието, на која се обратија претседателот на Комисијата за европски прашања Арбер Адеми  и членот на комисијата Снежана Калеска Ванчева, и претседателот на Комисијата за надворешна политика, Антонијо Милошоски. Пратениците ги нагласија континуираните заложби на нашата земја и преземените активности во исполнување на критериумите за членство во ЕУ. Пратениците изразија надеж за одржување на Првата меѓувладина средба во рамки на германското претседателство со Советот на ЕУ.  Поранешните европратеници искажаа интерес за актуелните политички случувања во земјата, поддршката на граѓаните за евроинтегративниот процес, транспарентноста на Собранието кон јавноста, парламентарниот надзор, борбата против корупцијата, владеењето на правото и застапеноста на жените во политиката.







На 14 октомври годинава, претседателот Џафери оствари средба со делегацијата од Република Албанија во состав Таулант Бала и Васил Штерјоски, пратеници во албанскиот парламент, Нури Белба, градоначалник на општина Прењас и Ѓерѓ Луца, претставник од бизнис секторот. На средбата беа разменети заемни искуства од работата на двата законодавни дома и начинот на прилагодување на работа на новонастанатата состојба со пандемијата предизвикана од Ковид-19. Соговорниците изразија надеж за одржување на меѓувладините конференции на Европската комисија со Северна Македонија и Албанија за време на актуелното германското претседателство, со што ќе се означи почетокот на преговорите за полноправно членство во ЕУ.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Претседателот Џафери на 23 октомври годинава оствари средба со делегација од Република Косово во состав: Авдулах Хоти, претседател на Владата, Дритон Селманај, заменик премиер на Владата и Мелиза Харадинај Стубла, министерка за надворешни работи и дијаспора. На средбата претседателот Џафери искажа подготвеност за пренесување на искуствата во евроинтегративниот процес на Косово и изрази поддршка на дијалогот Белград–Приштина. Соговорниците ја нагласија потребата за натамошно продлабочување на соработката во сите области од заемен интерес, што ќе придонесе за натамошно зацврстување на добрососедските односи.





На 13 и 14 октомври 2020 година се одржа Конститутивната седница на Секцијата на Собранието на Република Северна Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, со која претседаваше претседателот Талат Џафери. За претседател на Секцијата беше избран Абдула Салиу, за прв потпретседател - Ненад Коциќ, за потпретседателка Бети Станеноска-Трајкоска и членови на Бирото на Секцијата беа избрани Сафије Садики-Шахини, Марија Петрушевска и Драгица Ѓавочанова.

Во организација на Комисијата за европски прашања и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на 20 октомври годинава во Клубот на пратеници се одржа Јавна расправа по *Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација*, на која воведни обраќања имаа Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања, Гордана Сиљановска-Давкова, претседателка на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Јагода Шахпаска, министерка за труд и социјална политика. Акцентот на расправата беше ставен на членот 18 со кој се регулира изборот на членовите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Претставниците на граѓанските организации во своето излагање ја потенцираа потребата од доуредување на постапката и критериумите за избор на членовите на Комисијата со почитување на принципот на транспарентност и инклузивност.





Собранието во соработка со Програмата за парламентарна поддршка на 28 октомври годинава организираше Виртуелна конференција за *Отворен Парламент - Акциски план за Партнерство за отворена власт 2021-2023*, на која свои обраќања имаа: претседателот на Собранието, Талат Џафери, Сибил Сутер Техада, амбасадорка на Швајцарија и Цветанка Иванова, Генерална секретарка на Собранието, кои ја истакнаа потребата Собранието да остане посветено на заложбата за зголемување на својата отвореност и транспарентност. Учесниците дебатираа на три теми: Собранието со отворен одговор и отворено заздравување од ковид-19 пандемијата; Подобрена ИКТ ифраструктура во Собранието и Учество на граѓани/отворен парламент. Собранието останува посветено на унапредување на отвореноста, транспарентноста, одговорноста кон граѓаните и унапредување на учеството на граѓаните во собраниските активности.

## ЕКОНОМСКИ И ИНВЕСТИЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Европската комисија на 6 октомври 2020г. го објави Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан, кој се состои од следниве главни области:

- добро управување како основа за одржлив економски раст,
- значителен пакет за инвестиции,
- инвестирање во одржлив транспорт,
- инвестирање во чиста енергија,
- озеленување на Западен Балкан - инвестиции во животната средина и климата,
- инвестирање во дигитална иднина,
- зајакнување на приватниот сектор,
- инвестирање во човечки капитал, и
- регионална економска интеграција и интеграција со ЕУ.

Целта на Економскиот и инвестицискиот план е да поттикне долгорочно закрепнување, поддржано од „зелена“ и дигитална транзиција, што ќе доведе до одржлив економски раст, спроведување на реформите и приближување на Западен Балкан кон европскиот Единствен пазар.

Европската комисија предлага да се мобилизираат до 9 милијарди евра од ИПА III за финансирање за периодот 2021-2027, за поддршка на економската конвергенција со ЕУ, пред сè преку инвестиции и поддршка на конкурентноста и инклузивниот раст, одржлива поврзаност и двојната „зелена и дигитална транзиција. Дополнително, инвестицискиот капацитет на регионот треба да се зголеми со мобилизирање на нов гарантен објект од Западен Балкан, со амбиција за потенцијално обезбедување инвестиции до 20 милијарди евра.
Подобро поврзување на економиите на Западен Балкан - во рамките на регионот и со ЕУ - е приоритет. Ова бара силна посветеност на Западен Балкан за спроведување на темелни реформи, продлабочување на регионалната економска интеграција и развој на заеднички регионален пазар врз основа на законодавството на ЕУ со цел регионот да стане поатрактивна област за инвестиции.
Европскиот „зелен“ договор нуди план за заедничко дејствување за справување со предизвиците на „зелената“ транзиција, климатските промени, загубата на биодиверзитетот и прекумерната употреба на ресурсите и загадувањето.
Западен Балкан треба да ја користи дигиталната стратегија на ЕУ како водечки принцип за човечко-центрична дигитална трансформација на нивните економии и општества.
Со цел да се поддржи постигнувањето на целите на Економскиот и инвестициски план и да се обезбеди одржливост на инвестициите во регионот, Комисијата наскоро ќе предложи наменска агенда за Западен Балкан, за иновации, истражување, образование, култура, млади и спорт („Агенда за иновации за Западен Балкан“).

https://ec.europa.eu

## СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА ЕУ



Министрите за внатрешни работи на ЕУ27 на 8 октомври годинава разговараа за новиот Пакт за миграција и азил и соработката со земјите од Западен Балкан за управување со миграцијата.
Дебатата на видеоконференцијата со која претседаваше германскиот министер за внатрешни работи Хорст Зеховер, беше насочена кон три клучни и меѓусебно поврзани аспекти: постапка пред влегување во ЕУ, спречување злоупотреба на системот за азил и солидарноста.
Во дебатата за развој на стратешко европско полициско партнерство министрите се фокусираа на потребата од подобрување на постојната безбедносна архитектура во три области: примена на новите технологии (како вештачката интелигенција), зајакнување на оперативната соработка помеѓу полициските сили со консолидирање на законодавството за полициска соработка и градење на активно партнерство со трети земји.

https://www.consilium.europa.eu

## ДИГИТАЛЕН САМИТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН



Во организација на Советот за регионална соработка (СРС) од 26 до 28 октомври 2020г. се одржа Дигитален самит за Западен Балкан, во рамки на Берлинскиот процес и Мултигодишниот акциски план на регионалната економска област за Западен Балкан. На самитот учествуваа високи владини претставници од регионот, Европската комисија, Регионалниот совет за соработка и претставници од бизнис секторот.

Виртуелната конференција во Тирана ја отвори Мајлинда Брегу, генерална секретарка на СРС која истакна дека со цел успешна дигитална агенда, Советот ќе се фокусира кон вмрежување, дигитални вештини и регионална интероперабилност на Западниот Балкан.

Генералниот директор на Директоратот за комуникациски мрежи, содржина и технологија на Европската комисија, Роберто Виола се осврна на значењето на дигиталната технологија во време на пандемија и суштинското значење на дигиталните вештини. Генералниот секретар на Меѓународната унија за телекомуникации Хоулин Жао ја потврди посветеноста на оваа организација за дигитална интеграција на регионот.

Целта на Дигиталниот самит за Западен Балкан 2020 е унапредување на добрите практики во ЗБ и искористување на можностите на градење партнерства со приватниот сектор во контекст на дигиталниот процес на трансформација. Самитот ги промовира дигиталните перспективи на ЗБ во контекст на интеграцијата во ЕУ, отворајќи го патот кон Дигиталната агенда на ЕУ.  Дигиталниот самит за Западен Балкан за прв пат беше одржан во 2018 г. во Скопје, а во 2019 г. Се одржа во Белград.

https://euractiv.rs

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ЛИТВАНИЈА

Во Литванија се одржаа парламентарни избори во два изборни круга на 11 и 25 октомври годинава. Од вкупниот број пратеници 141 во еднодомниот парламент (Seimas), 71 се избираат во посебни изборни единици, додека останатите 70 со национално гласање врз основа на пропорционална застапеност со отворени листи.

Литванската опозициска конзервативна Татковинска партија освои 50 пратенички места. Партиите „Фармери“ и „Унија на зелените“, кои се дел од актуелната владејачка коалиција се на второ место со освоени 32 места. Партијата на слободата освои 11 пратенички места, Либерално движење 13 места, Социјал-демократската партија 13 пратенички места и Работничката партија 10 места.

Тројца кандидати во изборните единици каде се избира по еден член прогласија победа во првиот круг од парламентарните избори, меѓу кои и поранешната министерка за финансии и една од лидерите на Татковинска партија, Ингрид Симоните која е поранешна кандидатка на претседателските избори, а се очекува да биде и нова премиерка на Литванија.




На избирачките места маските и социјалното дистанцирање беа задолжителни. За прв пат беше дозволено гласање од автомобил, како дел од безбедносните мерки против пандемијата со Covid 19.

Изборите годинава бележат втор најмал одзив во првиот изборен круг, по првиот забележан во 2004 г. кога само 46,1% од гласачите го искористиле своето право во првиот круг од гласањето.

https://www.euronews.com

## НОВИ КЛИМАТСКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ДАНСКА



Данската премиерка Мете Фредериксен на 6 октомври годинава во Парламентот на Данска најави дека владата ќе обезбеди 1,58 милијарда долари за нови климатски иницијативи како одговор на барањата на бизнис секторот и политиката за забрзување на мерките за намалување на емисиите на штетни гасови. Владата на Данска потврди дека во следните 10 години може да се достигне амбициозната цел за намалување на штетните емисии за 70%, но проблем е прекумерното потпирање на технологии што ќе бидат комерцијално одржливи дури за неколку години.
“Данска мора да биде пример за светот, но никој нема да нè следи доколку нашиот пат е скап, неостварлив или општествено неправеден” - истакна премиерката Фредериксен пред пратениците.
Владата на Данска во август предложи во нови технологии до 2025 година да се инвестираат 10 милијарди дански круни (1,58 милијарда американски долари) преку новиот Фонд за обнова на ЕУ и државните средства резервирани за помош во кризата со Ковид-19.
Околу 130 директори на компании, научници и политичари од Данска потпишаа апел со кој побараа Владата да донесе поамбициозен план за климата.
Копенхаген главниот град на Данска и најзелениот град во светот, одржливоста долго време ја става како врвен приоритет. Целта на Копнехаген е до 2025 година да стане град целосно неутрален на јаглерод.

https://www.reuters.com

## ПРОДОЛЖЕНА ЗДРАВСТВЕНАТА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА ВО ФРАНЦИЈА



Националното собрание на Франција на 25 октомври годинава со 71 глас го усвои предлогот за продолжување на здравствената вонредна состојба до 16 февруари 2021г. Францускатa влада на 16 октомври прогласи здравствена вонредна состојба со што надлежните служби добија поголеми овластувања за носење нови мерки за спречување на ширењето на Ковид-19 вирусот. Поголемите овластувањата овозможуваат владата да го контролира движењето на луѓето и возилата и да воведе ограничувања за патување, како што се тестови за посетители кои пристигнуваат во Франција и ограничување на бројот на дозволени лица на јавни собири.
Здравствена вонредна состојба за првпат беше прогласена во март годинава кога хоспитализацијата достигна највисоко ниво од почетокот на пандемијата со Ковид-19. Со цел да се спречи ширењето на вирусот, во 54 департмани и Полинезија воведен е ноќен полициски час, што опфаќа 2/3 од населението или 46 милиони жители. Според податоците на француските здравствени власти земјата има над 1 милион потврдени случаи со коронавирус од почетокот на пандемијата, со што стана втора земја во Западна Европа, по Шпанија која достигна голем број на заразени лица со Ковид-19.
Со новите мерки за карантин на национално ниво кои ги најави францускиот претседател Макрон, границите на Франција ќе бидат затворени за сите земји кои не се членки на ЕУ. Францускиот премиер Жан Кастекс истакна дека граѓаните ќе може да излезат од домовите само за пазарење на храна, одење на работа или здравствени и итни семејни причини. Се затвораат кафулињата, ресторантите и продавниците, освен сервисите за автомобили, супермаркетите, оптичарски и фармацевтски работилници. Мерките стапија на сила од 30 октомври и ќе траат до 1 декември годинава.

https://see.news

## ПРВА ЕМИСИЈА НА СОЦИЈАЛНИ ОБВРЗНИЦИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА




Европската комисија на 21 октомври 2020г. издаде прва емисија на две социјални обврзници во вредност од 17 милијарди евра од ЕУ инструментот „SURE“. Првата обврзница во вредност од 10 милијарди евра е со отплата во октомври 2030г. со цена од 3 основни поени над средна размена. Втората обврзница во вредност од 7 милијарди евра е со отплата во 2040г. со цена од 14 основни поени во однос на средна размена.
Условите на позајмување се пренесуваат директно на земјите-членки кои ги примаат заемите. Банките кои ја поддржаа Европската комисија со оваа трансакција беа Баркли (IRL), БНП Парибас, Дојче банк, Номура и УниКредит. Европската комисија претходно објави дека ќе издаде ЕУ „SURE“ обврзница до 100 милијарди евра во вид на социјални обврзници и донесе независно оценета рамка за социјални обврзници. Алатката „SURE“ е креирана за да помогне во заштита на работните места. Финансиската поддршка ќе биде обезбедена во форма на заеми доделени по поволни услови од ЕУ на 17 земји-членки кои ќе им помогнат за покривање на трошоци директно поврзани со финансирањето на националните режими на работа со скратено работно време и др. слични мерки воведени како одговор на пандемијата.

https://ec.europa.eu

## ГРЕНОБЛ - ЕВРОПСКА ЗЕЛЕНА ПРЕСТОЛНИНА ЗА 2022 ГОДИНА




Гренобл град на истокот на Франција е прогласен за Европска зелена престолнина за 2022 година, соопшти стручното жири на Европската комисија. Секоја година почнувајќи од 2008 титулата се доделува на европски град кој е пример во примена на мерки за заштита на животната средина и одржлив развој.
Наградата Европски зелен лист за 2021 година е доделена на Габрово во Бугарија и Лапенранта во Финска.
Европската комисија во соопштението од 9 октомври годинава ги истакна достигнувањата на Гренобл во областа на ублажувањето на климатските промени, одржливата урбана мобилност, одржлива употреба на земјиштето, бучавата и енергетските перформанси. Во периодот од 2005 до 2016 Гренобл ги намалил емисиите на штетни гасови за 25% и работи на нивно намалување за 50% до 2030г. Со цел намалување на бучавата, Гренобл има определено тивки подрачја во градот, промовира велосипедизам и ја ограничува брзината. Градот поттикнува отворање на приватни градини, вертикално озеленување и амбициозна програма за садење на дрва.
Меѓу критериумите за доделување на титулата Европска зелена престолнина се: квалитетот на воздухот и водата, управувањето со отпадот, мобилноста, капацитетите за прилагодување и ублажување на климатските промени. Европската зелена престолнина, покрај титулата добива и парична награда во износ од 350.000 евра, а градовите кои ја добиваат наградата Зелен лист – 75.000 евра.
За Европска зелена престолнина можат да конкурираат градови со над 100.000 жители, а за наградата Зелен лист градови кои имаат помеѓу 20.000 и 100.000 жители.

https://euractiv.rs

## ИТНА АКЦИЈА ЗА ПОМОШ НА ЗДРАВСТВОТО ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА



На одржаната видео конференција посветена на здравствената криза на 29 октомври 2020 година лидерите на ЕУ се согласија на подобра координација на напорите за борба против коронавирусот.
Европската Унија ќе ги сноси трошоците за транспорт на пациенти со коронавирус преку внатрешните граници со цел да се спречи метежот на болниците во земјите-членки, за што Комисијата издвои 220 милиони евра.
За да се овозможи поуспешно откривање и следење на заразата, ЕУ забрзано ќе работи на развој на нов брз тест за антигени, што ќе даде резултати многу побрзо од молекуларниот тест за PCR.
Европската комисија создаде европска платформа за интероперабилност на националните апликации за следење на заразите, кои постојат во 22-те земји-членки на Унијата. Три земји-членки веќе ги поврзале своите апликации со платформата, а преостанатите 19 треба да го сторат тоа во ноември годинава. Досега 50 милиони граѓани на ЕУ ги презеле апликациите, што сè уште не е доволно.
Пилот проект за локација на патници во воздушниот сообраќај ќе започне во ноември, а целта е да се добие единствена европска форма за локација на патници до крајот на годинава.
Претседателката на Комисијата Урсула фон дер Лајен најави дека ЕУ ќе започне платформа за обединување на националните експерти за борба против пандемијата со експертите во рамките на ЕУ. Тоа го побарале самите членови, со цел да се овозможи размена на практични и професионални искуства на највисоко ниво.
Европската Унија веќе има потпишано договори за набавка на идната вакцина со три големи фармацевтски компании и преговара со уште четири. Фон дер Лајен вети штом вакцината ќе биде достапна сите земји-членки ќе ја примаат истовремено, пропорционално на големината и бројот на жители.
Претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел истакна дека националните планови за вакцинација се клучни во доставата на првите количини на вакцина до оние на кои им е најпотребна.

https://euractiv.rs

## СТРАТЕГИЈА ЗА МАСОВНА ЕНЕРГЕТСКА ОБНОВА НА ЗГРАДИ




Европската комисија на 14 октомври годинава објави Стратегија за масовна енергетска обнова на зградите во ЕУ, чија цел е намалување на емисиите на стакленички гасови, зголемување на реупотребата и рециклирање на материјали, поттикнување на економското заздравување по пандемијата, намалување на енергетската сиромаштија и поддршка во остварување на целта на ЕУ за климатска неутралност до 2050г.
Стратегијата предвидува најмалку дуплирање на стапката на реновирање на зградите во наредните 10 години, што би значело дека треба да се обноват 35 милиони објекти. Со тоа би се отвориле до 160.000 нови работни места во градежниот сектор до 2030г. Европскиот парламент во септември годинава усвои извештај за максимално искористување на потенцијалот за енергетска ефикасност на зградите во ЕУ, во кој се повикува на брза и темелна обнова на зградите и стартување на програма за поддршка во поставувањето на соларни електрани на покривите.
Зградите имаат удел од околу 40% во вкупната потрошувачка на енергија во ЕУ и одговорни се за 36% од емисиите на стакленички гасови, додека годишната стапка на енергетски реконструкции на зградите е само 1%. Трите приоритетни области на новата стратегија се: декарбонизација на греењето и ладењето, намалување на енергетската сиромаштија и решавање на проблемите во најнеефикасните згради, како и енергетска реконструкција на јавните објекти (училишта, болници и административни згради). Стратегијата предвидува создавање на „нов европски Bauhaus“. На тој начин би се изградила и негувала нова европска естетика како комбинација на уметноста и одржливоста.

https://euobserver.com

## СЕКТОР НА СПОРТСКИ И ФИТНЕС РАБОТНИЦИ ВО ЕУ




Спортските и фитнес работници се меѓу оние професии во ЕУ кои се погодени од безбедносните мерки спроведени како одговор на пандемијата Ковид-19. Во споредба со првиот квартал од 2020 година вкупниот број на спортски работници се намалил за 6%.
Младите спортски работници на возраст од 15-34 години биле најпогодени од кризата (-18% кај жените и -13% кај мажите).
Во вториот квартал на 2020 год. во секторот за спорт и фитнес во ЕУ биле вработени 801.700 лица на возраст над 15 години, што претставува 0,4% од вкупното вработување.
Поголемиот дел од спортските работници биле мажи (57%) и скоро еден од двајца спортски работници (48%) биле на возраст од 15-34 години. Скоро третина (30%) биле на возраст од 35-49 години и 23% биле на возраст од 50 години или повеќе.
Шведска забележала далеку највисока стапка на спортски работници (583 на 100 000 жители на возраст од 15 и повеќе години), следен е Кипар (340), Ирска (327), Финска (316) и Данска (310). Најниски стапки се регистрирани во Белгија (81 спортски работник на 100 000 жители на возраст од 15 и повеќе години) и Романија (87), потоа Полска (109), Чешка (123) и Словачка (128).
Во ЕУ во вториот квартал на 2020 година имало 215 спортски работници на 100 000 жители на возраст од 15 и повеќе години.

https://ec.europa.eu/eurostat

***ЕУ КАЛЕНДАР / ноември 2020***

*1. Две пленарни сесии на Европскиот парламент, 11-12/11/2020 и 23-26/11/2020, Брисел и Стразбур.*
*2. Состанок на министрите за европски прашања на ЕУ, 10/11/2020.*
*3. Недела за безбедност на производите, 09-12/11/2020.*
*4.Денови на дигитален транспорт, 18/11/2020.*
*5. Недела на европската граѓанска иницијатива 16-20/11/2020.*
*6. Состанок на Советот за надворешни работи,23/11/2020, Брисел, Белгија.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




